Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-371/3
07-08-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-371 од 26.5.2023 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 7.8.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-371 од 26.5.2023 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 26.5.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted].

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше конкретизиран дискриминаторскиот основ, и во истата не беа јасно наведени околностите при кои подносителката била дискриминирана, на 15.6.2023 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителката достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ги наведе дискриминаторскиот основ и ќе ги конкретизира околностите и фактите врз кои се темели претставката.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
7.8.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]